Врз основа на одредбите од Законот за трговски друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и одредбите од Статутот бр.0201-4027/8-1 од 28.04.2017 година на Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 1 од работниот дел од дневниот ред на Јавниот повик за свикување на акционерско собрание бр.02-7255/2-1 од 24.09.2018 година, акционерите на Друштвото на **Собранието** одржано ден на **26.10.2018 година,** ја усвоија следната:

ПРЕДЛОГ ОДЛУКА

# ОДЛУКА

**за поништување на претходно донесени одлуки**

1. **СЕ ПОНИШТУВА** Статутарната одлука бр.02-3621/8 за измена и дополнување на Статутот на Друштвото бр.0201-4027/8-1 (Пречистен текст) од 28.04.2017 година, усвоена на Годишното собрание за деловната 2017 година одржано на 27.04.2018 година.

2. **СЕ ПОНИШТУВА** Одлуката за утврдување на престанок на мандат на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото бр.02-3621/9 усвоена на Годишното собрание за деловната 2017 година одржано на 27.04.2018 година.

3. **СЕ ПОНИШТУВА** Одлуката за утврдување на бројот не членови, утврдување на времетраење на мандат и избор на членови на Надзорниот одбор на Друштвото бр.02-3621/10, усвоена на Годишното собрание за деловната 2017 година одржано на 27.04.2018 година.

4. Оваа Одлука ќе се објави преку официјалната интернет страница на Друштвото.

5. Оваа Одлука ќе се објави на системот за електронски информации на котирани друштва на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

6. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

7. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ**
**Претседавач**

_______________________________

ул. 11 Октомври бр. 25, П. фах: 27, 1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: +389 (0)2 3115 188
Факс: +389 (0)2 3137 154
e-mail: info@insumak.mk